# ПОСТАПКА ЗА ИЗДАВАЊЕ / ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛЕГИТИМАЦИЈА ЗА РЕКРЕАТИВЕН РИБОЛОВ

Согласно член 49 став 1 и 2 од Законот за рибарство и аквакултура Македонската Риболовна Федерација, започнувајќи од 18.01.2016 година, ќе отпочне со издавање/продолжување на легитимациите за тековната година.

Со Одобрение бр. 08-12722/2 од 23.12.2015 година, Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ја одобри цената на легитимацијата за 2015 година, предложена од Управниот одбор на Македонската Риболовна Федерација, во висина од **400.00 денари** кои се уплаќаат на жиро сметка на Македонска Риболовна Федерација **300000001910-29** депонент Комерцијална банка АД Скопје.

## 1. ПОСТАПКА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛЕГИТИМАЦИЈА :

Лица веќе евидентирани во единствениот список на рекреативни риболовци кој се води во Македонската Риболовна Федерација (поседуваат легитимација за било која година, започнувајќи од 2008 заклучно со 2015 година), потребно е да достават доказ за извршена уплата (уплатница) во риболовно здружение во кое риболовецот сака да членува.

Здружението до МРФ доставува ***групен евиденциски лист (Прилог 1)*** за своите членови на кои треба да се изврши продолжување на легитимацијата на кој се запишува име и презиме, бројот на легитимацијата и евентуални измени на лични податоци (лична карта, адреса...) како и прилог - доказ за извршени уплати (уплатници).

## 2. ПОСТАПКА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛЕГИТИМАЦИЈА :

За лица кои за прв пат вадат легитимација (досега не се евидентирани во единствениот список на рекреативни риболовци кој се води во МРФ) освен доказ за извршена уплата (уплатница), потребно е да достават фотографија како и лични податоци за изготвување на ***единечен евиденциски лист (Прилог 2).***

Сите барања за продолжување/издавање на легитимации за рекреативен риболов здруженијата треба да ги доставуваат до Македонска Риболовна Федерација лично, на поштенска адреса Бул. Кочо Рацин бр.75 – 1000 Скопје или во JPG формат на e-mail contact@mrf1952.mk

**НАПОМЕНА:** ***Прилозите 1 и 2 (групен и единечен евиденциски лист) се дадени и во WORD.doc*** на интернет страницата на МРФ како можност за директно (електронско) внесување на податоците за рекреативните риболовци.

## 3. ПОСТАПКА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДУПЛИКАТ ЛЕГИТИМАЦИЈА :

За издавање на дупликат легитимација (изгубена или оштетена легитимација) се наплаќа дополнителен надомест од 100 ден.

## 4. РОК ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛЕГИТИМАЦИЈА :

Рокот за изработка на рекреативните легитимации е 15 дена од денот на поднесу-вањето во Македонска Риболовна Федерација.

**Прилог 1**

# ГРУПЕН ЕВИДЕНЦИСКИ ЛИСТ

______________________________ (риболовно здружение)   ______________________________ (место)

| Ред. број | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | Легитимација број | Промена на л.к. | Промена на адреса |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Датум____________________

Потпис и печат ________________________

**Прилог 2**

| Фотографија за лица не евидентирани во Единствен список на рекреативни риболовци кој се води во МРФ |
|---|

# ЕДИНЕЧЕН ЕВИДЕНЦИСКИ ЛИСТ

ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛЕГИТИМАЦИЈА ЗА РЕКРЕАТИВЕН РИБОЛОВ

________________________________________________

(риболовно здружение)

Име и презиме: ______________________________________

Лична карта бр: ____________________

ЕМБГ: ____________________________

Адреса: __________________________________________

Место: ____________________________

e-mail адреса: ____________________________________

Контакт телефони: ________________________________

Број на легитимација (пополнува МРФ): [ ]


**Прилог 2**

| Фотографија за лица не евидентирани во Единствен список на рекреативни риболовци кој се води во МРФ |
|---|

# ЕДИНЕЧЕН ЕВИДЕНЦИСКИ ЛИСТ

ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛЕГИТИМАЦИЈА ЗА РЕКРЕАТИВЕН РИБОЛОВ

________________________________________________

(риболовно здружение)

Име и презиме: ______________________________________

Лична карта бр: ____________________

ЕМБГ: ____________________________

Адреса: __________________________________________

Место: ____________________________

e-mail адреса: ____________________________________

Контакт телефони: ________________________________

Број на легитимација (пополнува МРФ): [ ]